# Cognitive dementia and memory service (CDAMS)

# Служба за проблеми со свеста, со старечката заборавеност и со помнењето

Службата за проблеми со свеста, со старечката заборавеност и со помнењето (Cognitive, Dementia and Memory Service - CDAMS) е за луѓе што се загрижени поради промените во нивното помнење. Службата ја финансира владата на Викторија и таа е бесплатна.

Службата се стреми да постави дијагноза зошто имате проблеми со помнењето, така што можете:

- да научите за таа здравствена состојба
- да ги разберете промените
- да ја планирате иднината
- да дознаете какви лекувања има
- да дознаете каква помош ви стои на располагање во вашето подрачје.

## Што е тоа нормално стареење?

Мали промени во помнењето се нормални кога стареете. Ако сте загрижени дека тие промени се влошуваат или дека почнуваат да ви пречат во секојдневните навики, ве молиме стапете во контакт со нас.

## Знаци на губењето на помнењето

Некои од промените што може да ги забележите кај себе или кај некој друг се:

- губење на работи како што се клучеви, паричници
- заборавање на состаноци или на разговори
- чувство на вознемиреност поради ситуациите
- губење при возењето
- тешкотија да се најдат зборови при разговорот со други
- проблем да се извршуваат добро познати работи, на пример, готвење, плаќање сметки.

Има многу причини за губење на помнењето или за промени во размислувањето. Во нив спаѓаат:

- старечка заборавеност
- депресија
- алкохол.

Важно е да знаете што точно го создава проблемот за да може да ви се пружи соодветно лекување и поддршка.

## Што е тоа оценување на Службата за проблеми со свеста, со старечката заборавеност и со помнењето?

При оценувањето ќе разговарате со лекар и со здравствен работник. Од вас ќе побараат да дојдете на клиниката, а може да ве посетат и во вашиот дом. Исто така може да биде потребно да ви се направат други проверки и да разговарате и со други специјалисти.

На крајот на оценувањето, тимот на Службата ќе ви ги објасни резултатите вам и на вашето семејство. Исто така ќе добиете и писмени информации во врска со состанокот со тимот и со тоа како да добиете помош.

## Како да стапите во контакт со нас

Секој може да се јави во службата. Исто така може да зборувате и со вашиот локален лекар за да ви даде упат.

Ако треба, јавете се во Телефонската преведувачка служба (Telephone Interpreter Service - TIS) на 131450.

Може да се добијат и преведувачи на самото место ако е потребно.

## Каде се наоѓа Службата?

| | |
|---|---|
| West Heidelberg | 9496 2596 |
| Bundoora | 9495 3272 |
| Caulfield | 9276 6010 |
| Cheltenham | 9265 1291 |
| Parkville | 8387 2194 |
| Mt Eliza | 9788 1276 |
| Burwood | 9881 1867 |
| Kew | 9268 0522 |
| St Albans | 8345 1246 |
| Barwon (Geelong) | 5279 2438 |
| Gippsland (Drouin) | 5625 0242 |
| Grampians (Ballarat) | 5320 3704 |
| Grampians (Horsham) | 5381 9333 |
| Hume (Wangaratta) | 5722 1663 |
| Loddon Mallee (Bendigo) | 5454 8500 |